РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-125/5
15.01.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 11.01.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.01.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.01.2024 година.
3. Предлог-одлука за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.
4. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп.
5. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговско Радиодифузно друштво за радио активности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.01.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.01.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година. Објасни дека предлогот е Финансискиот план за 2024 година да се зголеми за 5.000.000,00 денари врз основа на Барањето од Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје што е доставено до Агенцијата. Станува збор за акумулирани средства од минатите години а за нивната намена ќе се дискутира на следната седница кога Советот ќе носи одлука за доделување на донација.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година, бр.05-4735/1 од 22.12.2023 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година, се зголемуваат за 5.000.000,00 денари, односно изнесуваат 168.546.961,00 денари.

Со зголемувањето се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 5.000.000,00 денари, наменети за:

- Доделување на финансиска помош – Донација за Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје, согласно нивното Барање доставено преку електронска пошта на 27.12.2023 година (наш арх.бр.05-33/1 од 02.01.2024 година), со кое бараат донација од Агенцијата за да им се овозможи помош и поддршка за остварување на нивните идни истражувачки иницијативи.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски објасни дека Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп и следната Точка 5 се предлози врз основа на Барање од радиодифузери кои самите одлучиле да престанат со емитување на радио програма. Согласно Законот треба

Советот да донесе решенија за бришење на двата радиодифузери од регистарот што го води Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговско Радиодифузно друштво за радио активности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**